**СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ**

# О Д Л У К А

за именување на член на Надзорен одбор
на Стопанска банка АД – Скопје

Скопје, јули 2024 година

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. бр. 470 / 31.5.2024 г., пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје, на седница одржана на 16.7.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за именување на член на Надзорен одбор на Стопанска банка АД – Скопје**

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје го именува г-дин Георгиос Тагарис, Заменик Генерален Директор за Управување со финансиски ризици на Национална банка на Грција, за член на Надзорен одбор – претставник на акционерите.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор од точка 1 од оваа Одлука е четири (4) години.

3. Оваа Одлука ќе стапи на сила на денот на добивањето на согласност за именување на член на надзорен одбор од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

С.О.Бр. 486
16.7.2024
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

**Претседател**
Јелена Саздовска

Стопанска банка А.Д. СКОПЈЕ 01

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно Законот за банки и Статутот на СБ, членовите на Надзорниот одбор се именуваат од страна на Собранието на акционери. Мандатот на членовите изнесува 4 година, определено согласно Статутот на Банката. Најмалку ¼ од членовите се независни членови.

Пред поднесување на предлог за именување на член на Надзорен одбор, Банката поминува постапка на селекција, оценка на соодветноста и именување координиран од страна на Одборот за именување и наградување.

Секое именување е предмет на одобрување од страна на Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

Во согласност со законската рамка утврдена од Законот за банки, Надзорниот одбор на СБ се состои од 7 членови, од кои 2 членови се независни а останатите се претставници на акционерите.

Постојниот состав на Надзорниот одбор на СБ е:

1. Маринис Стратопулос, Претседател,
2. Христодулу Христодулос, член,
3. Димитра Гудуфа, член,
4. Јанис Кајулис, член,
5. Владимир Филиповски, независен член,
6. Сашо Ќосев, независен член,
7. Анастасиос Лизос, член.

Земајќи ги предвид законските барања, Деловниот план на СБ за периодот 2024 – 2026 година, препораките издадени од надворешниот консултант за корпоративно управување, како и препораките од Одборот за корпоративно управување и именување на НБГ Групацијата, Банката идентификува можност за дополнително зајакнување на Надзорниот одбор во насока на подновување и диверзификација на тимот во однос на полова застапеност како и застапеност на вештини од области кои се важни за идните предизвици во банкарството.

Во оваа насока, Банката подготви Профил (*Target Board Profile*) и беше утврдено дека застапеноста на одредени функции од НБГ Групацијата треба да бидат зајакнати со цел пренос на групациско искуство, практики и стандарди. Една од тие области е управувањето со ризиците.

Следствено, Одборот за именување и наградување, на седницата одржана на 23-ти мај 2024 г., ја донесе одлуката за определување на предлог за именување на г-дин Георгиос Тагарис, Заменик Генерален Директор за Управување со финансиски ризици на Национална банка на Грција, за член на Надзорен одбор.

<u>Оценка на соодветноста</u>

Согласно Одлуката на Народна банка за добро корпоративно управување во банка и Политиката за оцена на соодветноста на СБ, пред доставувањето на предлогот, Одборот за именување и наградување ја оцени соодветноста на кандидатот за член на Надзорен одбор. Оценката пред се се основа на посебен

Прашалник кој му служи на Одборот да оцени повеќе фактори кои се пропишани со важечките закони и интерните политики на Банката, како што се:

- Поединечна и колективна соодветност на кандидатот, земајќи ги предвид неговото знаење, вештини, и искуство, како и неговиот придонес во однос на разновидноста на матрицата на вештини на Одборот, обезбедувајќи усогласеност на составот на Одборот со критериумите пропишани во регулаторната рамка, и во согласност со стратешките приоритети на Банката.
- Способноста на кандидатот да придонесува конструктивно во работењето на Одборот.
- Временската достапност и посветеност на кандидатот.
- Други прашања, како што се потенцијален конфликт на интереси, репутација, одговорност, усогласеност, итн.

Во оценка на соодветноста на кандидатот за член на Надзорен одбор, ОИН ја разгледуваше неговата експертиза, искуство, и индивидуалниот придонес што би го имал кандидатот во управувањето на Банката. Евалуацијата го утврди следното:

- **Г-динот Тагарис** е висококвалификуван кандидат за Надзорниот одбор, со големо искуство во управувањето со финансиските ризици, кредитниот ризик, и ризиците од неусогласеност. Неговата солидна позадина во управувањето со ризици и програми за трансформација го прават добар кандидат за позицијата член на Надзорниот одбор на Стопанска банка.

  Тој има над 20 години искуство во банкарството и управувањето со ризиците и бил на значајни позиции во НБГ, вклучувајќи ја и неговата сегашна позиција како Заменик Генерален Директор за Управување со финансиски ризици на Национална банка на Грција, овозможувајќи му да стекне длабоко познавање на управувањето со ризиците во Групацијата и СБ, нивниот финансиски профил и контролните средини. Значајна е и неговата техничка експертиза во моделирање на кредитниот ризик, аналитика на ризици, и портфолио менаџмент, и неговите севкупни аналитички вештини.

  Тој има соодветно образование, како дипломиран економист и магистер по оперативно истражување.

  Заклучно, големото искуство на г-динот Тагарис во управувањето со ризиците, неговите силни лидерски квалитети, и неговото сеопфатно разбирање на Групациските и регулаторните барања, го прават соодветен (*fit & proper*) кандидат за Надзорен одбор. Неговите вештини и експертиза се во согласност со стратешките потреби на Банката, обезбедувајќи ефективно управување и надзор на управувањето со ризиците.

Врз основа на сето наведено, Одборот за именување и наградување го оцени кандидатот за соодветен (*fit &* proper) за именување за член на Надзорен одбор.

Биографијата на кандидатот г-дин Тагарис е составен дел од овој предлог.

Следствено, земајќи го предвид гореобразложеното, се предлага Собранието на акционери да го именува -дин Георгиос Тагарис, Заменик Генерален Директор за Управување со финансиски ризици на Национална банка на Грција, за член на Надзорен одбор на Стопанска банка АД – Скопје.

Во согласност со Законот за банки, предложеното именување стапува на сила по добивањето на потребната согласност од Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија.

Банката ќе обезбеди дека именувањето на нови членови на Надзорен одбор нема да го надмине утврдениот број на составот на одборот, односно бројот на членови ќе биде во рамките на определената големина на Надзорниот одбор согласно Статутот на Стопанска банка.

Скопје, јуни 2024

**НАДЗОРЕН ОДБОР**